РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3626/2

17-11-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот -------- -------- ------------------, на продолжението на 41 -та седница, одржано на ден 12.11.2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата со бр. 12 - 3626/1 од 22.07.2019 година доставена од подносителот ------- -------- ------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметот со број 12 - 3626 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 3626/1 од 22.07.2019 година, а предметот ќе се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12 - 3626 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12 - 3626 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 3626/1 од 22.07.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од ------- ------- ------------------,.

Во доставената пријава се изнесени наводи против лицето ------- -------- -------------------, за злоупотреба на службена положба и работното место додека била вработена на раководно место во „урбанизам" во --------------.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и утврдена е следната фактичка состојба:

- Во доставената пријава се наведува дека наведеното лице, сега во пензија, додека била вработено на раководно место во „урбанизам", го злоупотребила своето работно место и својата националност како ------- и на жителите од околните -------- села им давала лист со податоци за

да и уплатуваат парични средства на нејзината сметка, доколку сакале да добијат број за да можат да поднесат барање за приватизација на земјиште. Подносителот за овие наводи дошол по сознанија од други лица, во непосреден разговор со жителите, кои информирале дека наведеното лице така се однесувало со години и се сомнева дека уплатите кои им биле барани биле незаконски. Исто така наведува и дека во овој случај било инволвирано и друго лице сопственик на геодетска фирма, кој ги изработувал елаборатите за кои се плаќало дополнително од подносителите на барањата за приватизација.

- Во доставената пријава од страна на подносителот изнесени само општи наводи добиени по сознанија на подносителот и приложени се копии од уплатници на кои се правени исправки испишани со рачен ракопис, а по извршениот увидот во истите констатирано е дека во предметот нема доволно елементи за надлежно постапување на ДКСК и дека во конкретниот случај станува збор станува збор за наводи за кои се надлежни да постапуваат други надлежни органи во РСМ.

Со оглед на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметот нема доволно елементи во врска со предметниот случај и дека предметните наводи се поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај, доставената пријава се отфрла, а предметот со број 12-3626 од 2019 година ќе се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 12 ноември 2020 година под бр. 12- 3626/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :

- Архива
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц, Советник
Одобрил : Г.Т., Член на ДКСК